## ***Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во март 2003 година***

- *На 19.03.2003 година беше воведена* ***единствена стапка од 7,5%*** *по која се пресметува* ***задолжителна резерва на денарските депозити на банките*** *која се издвојува во денари (наспроти стапките од 10% за депозитите по видување и орочени до три месеци и 5% за депозитите орочени подолго од три месеци). Истовремено, стапката на задолжителна резерва во денари на штедилниците изнесува 2,5% (наспроти дотогашните 4% и 1,5%). Обврската за издвојување задолжителна резерва во денари согласно измените ќе започне на 11.06.2003 година (Службен весник на РМ бр. 19/2003).*

- *На 19.03.2003 година беше донесена* ***Одлука за задолжителна резерва на банките во девизи*** *(Службен весник на РМ бр. 19/2003). Со оваа одлука се воведува обврска за пресметка и издвојување на задолжителна резерва на девизните депозити на банките кои се овластени за вршење на девизно валутни работи во земјата и платен промет и кредитни работи со странство. Стапката на задолжителна резерва во девизи изнесува 7,5%(исто како и кај задолжителната резерва на денарски депозити), а обврската за издвојување започнува на 11.06.2003 година. Воведувањето на задолжителната резерва на девизните депозити на банките претставува своевидна противтежа на зголемената либерализација во девизниот режим со новиот Закон за девизно работење.*

- *Од 27.03.2003 година на првиот официјален пазар на Берзата на долгорочни хартии од вредност започна тргувањето со* ***државните обврзници за денационализација*** *од втората емисија, во вредност од 38,1 милион евра. Пазарната цена на овие обврзници на почетокот од тргувањето изнесуваше 62,5% од нивната номинална вредност.*

- *Во текот на март 2003 година (Службен весник на РМ бр. 21/2003, од 31.03.2003 година) беа донесени: Буџетот на РМ за 2003 година, Законот за извршување на буџетот за 2003 година, Макроекономската политика на РМ за 2003 година, Одлуката за девизната политика и проекција на платниот биланс на РМ за 2003 година и Законот за измена и дополнување на Законот за данок на додадена вредност (измените согласно овој закон ќе се применуваат од 1 април 2003 година).*